ИСПИТУВАЊЕ НА СЛУХОТ

Целта на сесијата е да се обучат вештините за :

- Тестирање на слухот со тест со шепотење
- Тестирање на слухот со звучна виљушка (Веберов, Ринеов и Швабахов тест)
- Препознавање на најчестите патолошки наоди на тимпаничната мембрана (Идентификување и интерпретација на патолошките наоди)

(1) Едноставен тест со шепотење.
Испитувачот му шепоти на пациентот на едното уво, а другото го затвара со притисок на трагусот . Пациентот треба да ги повтори изговорените зборови. При губиток на **коскена** спроводливост прво се губи слухот за високите фреквенции-тонови, а при **кондуктивната** прво се губи слухот за ниските фреквенции - тонови.

(2) Schwabach- ов тест
Слухот на пациентот се споредува со слухот на испитувачот.

Најнапред звучната виљушка која вибрира се поставува на мастоидниот предел на пациентот и кога тој ќе престане да го слуша звукот, испитувачот го поставува врз својот мастоидеус. Нормално пациентот слуша исто колку и испитувачот (доколку испитувачот има нормален слух)

(3) Rinne- ов тест

Се споредува воздушната проводливост со коскената: кога пациентот ќе престане да ја слуша виљушката поставена врз мастоидниот предел, тогаш таа се поставува 4 cm. испред метус акустикус екстернус. Нормално воздушната спроводливост е подолга од коскената за 50-100% (позитивен Ринеов тест). Ако е во прашање ´нервна глувост´, подеднакво се скратени и коскената и воздушната спроводливост или коскената спроводливост е згасната.

Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
contact@semejnamedicina.mednet.mk

(3) Weber- ов тест (едностpана афекција на слухот)

Звучната виљушка се поставува на средина на черепот или челото. Нормално звукот треба подеднакво да се слуша на двете уши. Кај сензориневрално оштетување звукот латерализира на здравата страна (негативен Веберов тест), додека кај заболување на спроводниот дел од увото (надворешен ушен канал , средното уво), звукот латерализира на заболената страна (позитивен Веберов тест).

Интерпретација на тестови за испитување на слухот		
Наод	Рине тест	Вебер тест
Нормален слух	Позитивен	Централизирано
Кондуктивно нарушување во лево	Негативен (коскена спроводливост е поголема)	Латерализација во лево
Сензоневрално нарушување во лево	Позитивен или лажно негативен	Латерализација во десно
Кондуктивно нарушување во десно	негативен	Латерализација во десно
Сензоневрално нарушување во десно	Позитивен или лажно негативен	Латерализација во лесво

КОНДУКТИВНО ОШТЕТУВАЊЕ НА СЛУХОТ- причини

- Блокиран меатус акустикус (церумен, фурункул..)
- Отитис медија
- Перфорација на мембрана тимпани
- Дисконтинуитет на слушните ковчиња
- Опструкција на Евстахиевата туба
- Слаба подвижност на слушните кошчиња (отосклероза)

СЕНЗОНЕВРАЛНО ОШТЕТУВАЊЕ НА СЛУХОТ- причини

- **Билатерално и прогресивно**
  - presbiacusis
  - пресенилно губење на слухот
  - акустична траума
  - ототоксични лекови (аминогликозиди,..)
- **Унилатерално и прогресивно**
  - Meniere-ова болест
  - акустичен неуром
- **Ненадејно губење на слухот**
  - траума
  - васкуларни инсулти
  - вирусни инфекции
  - тумор на акустичниот нерв